СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-167/12
24.02.2022 г., Скопје

**ИЗВЕШТАЈ**
од **24-та седница** на Извршниот одбор на СКМ
одржана **на ден 08.12.2021 година** во Куманово

На **24-тата седница** на Извршниот одбор на СКМ присуствуваа: д-р Мирлинд Селими, д-р Маријан Денковски, д-р Коста Изов, д-р Оливер Манасиев, д-р Јордан Стојаноски, д-р Димитар Малешевски, д-р Борче Стојанов, д-р Арбен Асани, д-р Весна Чемерска Попова, д-р Агрон Пашоли, д-р Фисник Касапии и д-р Кенан Ферати.

На седницата присуствуваше и Претседателот на Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.

Оправдано отсутни беа д-р Александра Табаковска Наумовска и д-р Марина Прентовска.

Седницата започна во **13:00 часот**, а истата ја отвори Претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими, со читање на Предлог- дневниот ред.

1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од 23-тата седница на ИО на СКМ;
2. Разгледување и усвојување на Предлог-листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2022 година и донесување на Годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година;
3. Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2022;
4. Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија;
5. Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за дополнителна проверка на знаења;
6. Разгледување и одлучување по Жалба на ЗПЗСУ ПДДМ Кавадарци;
7. Разгледување и усвојување на предлогот за наградување на најдобрите студенти во учебната 2019/2020 на Комисија за доделување награди;
8. Информации за активности на Комората;
9. Разно;

По отварање на седницата и откако се констатира кворум и го прочита предлог-дневниот ред, Претседателот на ИО, д-р Мирлинд Селими, го стави дневниот ред на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од 23-тата седница на ИО на СКМ;
2. Разгледување и усвојување на Предлог-листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2022 година и донесување на Годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година;
3. Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2022;

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk

4. Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија;
5. Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за дополнителна проверка на знаења;
6. Разгледување и одлучување по Жалба на ЗПЗСУ ПДДМ Кавадарци;
7. Разгледување и усвојување на предлогот за наградување на најдобрите студенти во учебната 2019/2020 на Комисијата за доделување награди;
8. Информации за активности на Комората;
9. Разно;

**1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од 23-тата седница на ИО на СКМ;**

Претседателот на Извршниот одбор го стави на гласање Предлог-записникот од **23-тата седница,** одржана на ден 06.10.2021 година, и истиот беше усвоен без забелешки.

**2. Разгледување и усвојување на Предлог-листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2022 година и донесување на Годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година;**

По однос на втората точка, членовите го разгледаа Предлог-годишниот план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година. Годишниот план ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за здравствената заштита и Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници. По усвојување од страна на Извршниот одбор, примерок од Годишниот план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 г., ќе се достави до Министерството за здравство на Република Северна Македонија, заради добивање на согласност од министерот за здравство. Спроведувањето на Годишниот план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година ќе започне по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Претседателот на ИО го стави Предлог-годишниот план за стручен надзор за 2022 година на гласање, по што истиот беше едногласно усвоен, а формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба на Комората.

**3. Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2022;**

Членовите на Извршниот одбор ја разгледаа Листата на членови на Комисиите за спроведување на редовен стручен надзор, предложени од Регионалните одбори на СКМ. Претседателот на ИО, д-р Селими ја стави Листата на гласање, а членовите на Извршниот одбор едногласно одлучија да се потврдат членовите на Комисиите за редовен стручен надзор определени од Регионалните одбори, за спроведување на стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година. Комисиите се надлежни за спроведување на Годишниот план за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година, по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба на Комората.

**4. Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија;**

По однос на оваа точка беа разгледани две Пријави за членови на испитна комисија, доставени до Комората. Претседателот на ИО предложи Листата на испитувачи - членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологијата да се дополни со следните доктори на стоматологија, кои до Стручната служба на Комората доставиле Пријава за член на испитна комисија и тоа:

1. **Доц.д-р Ана Белазелковска Грежловска и**
2. **Проф. д-р Марина Кацарска.**

Претседателот го стави предлогот на гласање, а членовите на ИО истиот едногласно го усвоија. Листата на испитувачи, членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологија, чиј состав е објавен во одлуката бр. 02-143/3 од 21.01.2021 г. на Извршниот одбор на Комората ќе се дополни со двајцата нови испитувачи.

Дополнетата листа на испитувачи ќе се достави до Претседателот на Комората, кој е надлежен за формирање испитни комиси, согласно член 4 од Правилникот за стручен испит *(Сл.весник на РСМ бр. 148/2020).* Листата на испитувачи ќе се ажурира на секои 6 месеци, а подносителот на Пријавата за испитувач е должен за секоја промена на податоците внесени во Пријавата да ја извести Стоматолошката комора на Македонија во најкраток можен рок.

Формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба на Комората.

5. ***Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за дополнителна проверка на знаења;***

По однос на оваа точка, претседателот на ИО предложи на членовите на ИО да усвојат дополнување на листата на испитувачи, членови на испитни комисии за проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, чиј состав е објавен во Одлуката бр. 02-832/3 од 21.08.2021 г. на Извршниот одбор на Комората, со двајцата нови испитувачи од претходната точка на дневниот ред.

6. ***Разгледување и одлучување по Жалба на ЗПЗСУ ПДДМ Кавадарци;***

По однос на оваа точка беше образложена поднесената жалба број 01-5/3/21 од 05.03.2021 година, заведена во Комората под арх.бр. 02-314/1 од 08.03.2021 година, на Здружението на приватни здравствени стоматолошки установи и приватни доктори по дентална медицина – Кавадарци, изјавена против Решението на Комисија за стручни стоматолошки прашања на Комората бр. 17-234/5 од 19.02.2021 година.

Со Решение на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората бр. 17-234/5 од 19.02.2021 година, Барањето за одобрување на облик на стручно усовршување од страна на организаторот на стручно усовршување (барање за одобрување за организирање стручни собири) на Здружението на приватни здравствени стоматолошки установи број 28-03-1/19 од 28.03.2019 година, арх.бр. 08-371/1 од 28.03.2019 година не се одобрува.

Незадоволен од првостепеното решение, жалителот изјавил жалба до Извршниот одбор на СКМ број 01-05/3/21 од 05.03.2021 година, заведена во Комората под арх.бр. 02-314/1 од 08.03.2021 година.

Извршниот одбор ги разгледа списите во предметот, направи преоценка на доказите доставени од Комисијата и жалителот и констатираше дека Комисијата правилно одлучила кога го одбила барањето, а поради:

Предметно барање на оваа постапка е:

- Барање за одобрување на облик на стручно усовршување од страна на организаторот на стручно усовршување (барање за одобрување за организирање стручни собири) на Здружението на приватни здравствени стоматолошки установи број 28-03-1/19 од 27.03.2019 година арх.бр. 08/371/1 од 28.03.2019 година, за одржување на Собир на ден 11.05.2019 година во организација на подносителот на барањето:

Комисија за стручни стоматолошки прашања на Комората во повторена постапка одлучила:

- Со Решението на Комисија за стручни стоматолошки прашања на Комората број 17-234/5 од 19.02.2021 година, Барањето за одобрување на облик на стручно усовршување од страна на организаторот на стручно усовршување (барање за одобрување за организирање стручни собири) на Здружение на приватни здравствени стоматолошки установи број 28-03-1/19 од 27.03.2019 година арх.бр. 08/371/1 од 28.03.2019 година НЕ ГО ОДОБРУВА.

Согласно член 4 од Правилникот за КСУ, облици на континуирано стручно усовршување одобрува Комисијата за стручни стоматолошки прашања, врз основа на поднесено барање од Организаторот на обликот на континуирано стручно усовршување. Комисијата поднесеното барање може да го одобри и да го вреднува обликот на континуирано стручно усовршување или истото да не го одобри. Врз основа на утврдената фактичка состојба, Комисијата одлучила да го одбие барањето.

При утврдена фактичка состојба дека кај Барателот членуваат само установи, а не и физички лица кои единствено можат да бидат членови на Комората и оставки на стручното тело на Барателот, Комисијата постапила во се како во Правилникот.

Во моментот на поднесување на Барање за одобрување на облик на континуирано стручно усовршување Барателот не ги исполнувал условите за одобрување на облик на КСУ. Право на Комората е да го контролира спроведувањето на континуирано стручно усовршување преку Комисијата која одобрува облиците на континуирано стручно усовршување, по што следувало Комисијата да го одбие барањето на подносителот сега жалител.

Извршниот одбор смета дека Комисијата во целост постапила согласно одредбите на Правилникот за КСУ.

Формално-правно решение за одбивање на жалбата ќе изготви правниот застапник на Комората, Адвокатското друштво Ристовска&Вујиќ.

7. **Разгледување и усвојување на предлогот за наградување на најдобрите студенти во учебната 2019/2020 на Комисија за доделување награди;**

На седницата беше разгледан и Предлогот на Комисијата за доделување награди, донесен по предходно распишан конкурс.

Комисијата до Извшниот одбор достави **Предлог за наградување на најдобрите студенти кои дипломирале во учебната 2019/2020 година** на стоматолошки факултети или факултети по дентална медицина во Република Северна Македонија и тоа:

1) **Д-р Висар Јашари** од Факултетот за медицински науки - студиска програма стоматологија при Универзитетот во Тетово;
2) **Д-р Кристина Терпо** од Стоматолошкиот факултет - Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
3) **Д-р Елеонора Сакламаева** од Стоматолошкиот факултет при Европскиот универзитет – Скопје и
4) **Д-р Маја Трајкова** од Факултетот за медицински науки - студиска програма по дентална медицина при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип.

Комисијата му предлага на Извршниот одбор на најдобрите дипломирани студенти да им се доделат пофалници и да им се дозволи да го полагаат стручниот испит за здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата, кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија, без материјален надоместок.

Извршниот одбор на Комората го усвои предлогот на Комисијата за доделување награди, а формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба на Комората.

8. **Информации за активности на Комората;**

По однос на оваа точка, претседателот на Собранието на Комората, д-р Манасиев, ги информираше членовите на ИО дека заедно со Здружението на специјалисти се во постојана комуникација и преговори со Министерството за здравство, а пред неколку дена оствариле и средба со министерот за здравство.

Претседателот на Комората, д-р Денковски, ги информираше присутните дека Иницијативата за дополнување на Законот за здравствена заштита, усвоена на претходната седница на ИО и усвоена и од Собранието на Комората е доставена до Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, до сите претставници на пратеничките групи во Собранието на РСМ и воедно се водат интензивни преговори со сите пратенички групи за прифаќање на предложените дополнувања на Законот, а во интерес на докторите на стоматологија.

Д-р Јордан Стојановски ги извести присутните дека мобилната апликација за докторите е изработена и следните денови ќе биде достапна на корисниците.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, Претседателот на ИО, д-р Селими ја затвори 24-тата седницата на ИО на СКМ во 15: 15 часот.

Записничар,
м-р Ана Ангелеска

Стоматолошка комора на Македонија
Претседател на Извршен одбор на СКМ,
д-р Мирлинд Селими

М.П.